**Закон за Бирото за развој на образованието**

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 и 30/2016).

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежностите на Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), како и други прашања од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието.

### Член 2

Бирото е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице и врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Македонија.

### Член 3

Своите надлежности утврдени со овој и друг закон, Бирото ги извршува врз основа на начелата на законитост, стручност, одговорност, ефикасност и транспарентност.

Вршењето на работите од својата надлежност, Бирото го заснова врз научни и стручни методи во воспитанието и образованието и врз основа на стратешкиот приод во нивното спроведување.

### Член 4

Внатрешната организација на Бирото се утврдува согласно со неговите надлежности, врз основа на закон, прописи и други акти кои се однесуваат на организациони облици и согласно со развиеноста на мрежата на училиштата и јазикот на кој се изведува наставата.

Седиштето на Бирото е во Скопје.

## II. НАДЛЕЖНОСТИ НА БИРОТО

### Член 5

Бирото е надлежно за следење стручен увид, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното, гимназиското образование, уметничкото образование, општообразовните предмети восредното стручно образование, во специјалистичкото образование и во образованието на возрасните, образованието на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и за образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура.

**Член 6**

Во извршувањето на надлежностите утврдени со овој закон Бирото:
1) му предлага на министерот за образование и наука концепти за развој на воспитно-образовниот систем и му предлага наставни планови за предучилишното, основното, средното и специјалистичкото образование, образование на учениците со посебни образовни потреби и за образованието на возрасните;
2) му предлага на министерот за образование и наука наставни програми за предучилишното, основното, гимназиското и уметничкото средно образование, општообразовните предмети во средното стручно образование, во специјалистичкото образование, како и за образованието на возрасните, образованието на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и за образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура;
3) организира и спроведува активности за професионалниот развој на воспитно-образовните кадри;
4) врши и организира истражувања во областа на образованието;
5) врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи;
6) врши стручен увид во начинот на планирање и реализација на наставните единици и на оценувањето и на обезбедувањето на стимулативна средина при реализацијата на наставните единици од страна на наставниците, како и преку непосреден увид на препораките дадени од посетите на реализацијата на наставните единици од страна на стручните соработници;
7) изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците;
8) изработува концепција за учебник, програма за издавање на учебници и методологија за стручно вреднување на ракописи на учебник и за вреднување на квалитетот на учебник;
9) врши издавачка дејност поврзана со развојот на воспитно-образовната дејност;
10) предлага на Државниот испитен центар тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното, гимназиското и уметничкото образование, како и за општо образовните предмети во средното стручно образование, кои ги доставува најдоцна три месеца пред денот на тестирањето и
11) предлага на Државниот испитен центар генерален распоред за проверување на постигањата на учениците по предметите во основното, гимназиското и уметничкото образование, како и за општо образовните предмети во средното стручно образование, кој го доставува најдоцна до 1 ноември за тековната учебна година.
12) воспоставува и развива информативно-документациски систем во областа на образованието што е во негова надлежност.

**Член 7**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 1 и точка 2 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- изготвува анализи и врз основа на истите ги утврдува потребите за развој на воспитно-образовниот систем, како и потребите за развој на наставните планови и програми;
- организира стручни дискусии за потребите за изработка на наставните планови и програми;
- изготвува и му предлага на министерот за образование и наука наставни планови;

- му предлага на министерот за образование и наука адаптирани и преведени наставни програми на јазиците на кои се изведува наставата во Република Македонија од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations) за основно и средно образование, согласно со закон;
- покренува инцијатива за изработка на наставни програми;
- планира, на долгорочна основа, преиспитување на постоечките наставни планови и програми;
- прави периодично преиспитување на усогласеноста на наставните програми и целите на образованието, согласно со стратешките документи и законите;
- изготвува годишни планови за потребите за изменување и дополнување на постојните наставни програми, односно за изработка на нови наставни програми;
- објавува јавен конкурс за обезбедување на услуги во изготвување на нови наставни програми, односно за осовременување на постојните наставни програми, освен за наставните програми од алинејата 4 на овој член, согласно со закон,
- ја следи работата на стручните тимови за изработка на наставни програми во однос на квалитетот и извршувањето на услугите согласно со утврдените рокови;
- доставува информации за изработените наставни планови и програми до Државниот просветен инспекторат и до воспитно-образовните установи;
- врши промоција, дава дидактички насоки (обуки) и ја следи примената (мониторинг) на адаптираните и преведените наставни програми од алинејата 4 на овој член во соработка со Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations), а согласно со договор во којшто се утврдуваат меѓусебните права и обврски,
- врши промоција и дава дидактички насоки за примената на наставните планови и програми и
- ја следи примената на наставните планови и програми во рамките на своите надлежности.

**Член 8**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 3 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- изработува анализи и врз основа на истите ги утврдува потребите за професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар;
- организира тематски дискусии во врска со професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар;
- изработува долгорочен план за потребите за обука на воспитно-образовниот кадар;
- изработува долгорочен и годишен план на активности за обука на воспитно-образовниот кадар;
- врши обединување на плановите и побарувачката на активности за обука на воспитно-образовниот кадар;
- ги спроведува постапките за акредитација за обезбедување на услуги во врска со спроведување на програми за обука на воспитно-образовниот кадар;
- склучува договор со акредитираните установи, институции и други правни лица за спроведување на обуките на воспитно-образовниот кадар;
- го следи извршувањето на услугите на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови;
- прибира информации од воспитно-образовниот и раководниот кадар во врска со програмите за обука;
- обезбедува квалитет преку евалуацијата на програмите за обука на кадрите во

воспитно-образовните установи во соработка со Државниот просветен инспекторат и
- дава информации за констатираните согледувања од професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар до училиштата и други установи.

**Член 8-а**

За акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) од членот 8 алинеја 6 и потребите за обука утврдени во годишната програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници од членот 91 став 2 од Законот за основното образование, односно од членот 68 став 3 од Законот за средното образование, Бирото распишува јавен оглас за:
- избор и акредитација на понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните и средните училишта во Република Македонија и
- избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните и средните училишта во Република Македонија.

**Член 8-б**

Како понудувачи на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) можат да се јават јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва, кои ги исполнуваат условите од членот 91 став 8 од Законот за основното образование, односно од членот 68 став 8 од Законот за средното образование.

Понудувачите од ставот 1 на овој член можат да поднесат самостојна пријава за учество или самостојна понуда или можат да се здружат и да формираат група на понудувачи со цел заедно да поднесат пријава за учество или групна понуда.

Вработените во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и директор на училиште, не може да поднесат пријава, односно понуда за учество на јавниот оглас.

На јавниот оглас не може да се јави ниту како понудувач на услуга ниту како ангажиран обучувач вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и директор на училиште.

**Член 8-в**

Понудувачите од членот 8-б став 1 од овој закон, до Бирото поднесуваат пријава, со потребната документација:
- документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија,
- тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија,
- биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централен регистар на Република

Македонија,
- потврда дека не е отворена постапка за стечај издадена од Централен регистар на Република Македонија,
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од Централен регистар на Република Македонија,
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки издадена од Управа за јавни приходи на Република Македонија,
- потврда издадена од Централен Регистар на Република Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност,
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Македонија и
- потврда издадена од Централен регистар на Република Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство.

Образецот на пријавата од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за образование и наука.

Овластеното службено лице од Бирото кое ја води постапката од членот 8-а од овој закон е должно во рок од три дена од денот на приемот на пријавата од ставот 1 на овој член, по службена должност да ја побара документација од ставот 1 на овој член.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој е побарана документацијата од ставот 1 на овој член е должно да ја достави бараната документација во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**Член 8-г**

Програмите за обуки и понудувачите на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) се избираат врз основа на стручна оценка и вреднување што го врши Комисија за избор на програми за обуки и понудувачите на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од претседател, четири члена и секретар од редот на вработените во Бирото.

Претседателот и членовите на комисијата имаат свои заменици.

Претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на Комисијата, како и одговорното лице, потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведената постапка.

**Член 8-д**

По спроведената постапка од страна на Комисијата, Бирото донесува одлука за избор на најповолен понудувач или за поништување на постапката, во рок од осум дена од денот на приемот на пријавата од членот 8-в став 1 од овој закон.

Незадоволниот понудувач има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од ставот 1 на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одлучува по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

По конечноста на одлуката за избор на програмите за обуки и понудувачите на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници), Бирото донесува решение со кое врши акредитација на програмата за обука, односно на понудувачот на услуги на воспитно-образовниот кадар, со важност три години.

**Член 9**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 4 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- врши проучувања и развојни и акциски истражувања поврзни со развојот на унапредувањето на воспитно-образовната работа;
- организира стручни и научни дискусии за истражување на актуелни проблеми и теми во образованието кај нас и во другите земји;
- изготвува долгорочни планови за фундаментални истражувања во соработка со високообразовните установи во Република Македонија и меѓународните институции;
- изработува годишни планови за развојни истражувања;
- изработува стратегии за развој на образованието и воспитанието;
- иницира доставување предлози за истражувања во образованието од страна на високообразовните и научните установи и училиштата;
- ја организира и координира работата на стручните тимови кои работат на развојни истражувања;
- објавува јавен конкурс за обезбедување на услуги поврзани со фундаментални истражувања во образованието;
- ја следи реализацијата на истражувањата и ги информира училиштата и другите установи;
- во соработка со високообразовните и научните установи врши евалуација на релевантноста на истражувањата во образованието и
- ја поттикнува примената на резултатите од истражувањата во обласа на образованието.

**Член 10**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 5 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- дава советодавна стручна помош на училиштето за концепциските и системските промени во воспитно-образовниот систем;
- дава стручни совети за самоевалуација на училиштето и изработка на развојните планови;
- ги координира активностите, заедно со раководниот тим на училиштето, за изработка и спроведување на акционите планови за мерките кои треба да се преземат по извршената интегрална евалуација;

- предлага стандарди за менторскиот систем на воспитно-образовниот кадар;
- дава редовна стручна помош на училиштата за подготовка и спроведување на училишните проекти во согласност со развојните планови;
- врши редовна советодавна стручна работа за наставниците и воспитувачите, во врска со наставата по општообразовните предмети и наставни подрачја, како и за следење, проверување и оценување на учениците;
- дава стручна помош на училиштата во работата со надарените и талентираните ученици и предлага мерки за нивна поддршка;
- дава насоки на училиштата за користењето на професионалните ресурси на државно и меѓународно ниво;
- врши инструктивна менторска работа и дава интервентна помош за воспитно-образовниот кадар;
- развива програма за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето врз основа на извештајот од спроведената интегрална евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат;
- изготвува предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето на наставниците;
- поттикнува и организира активности за размена на знаења и професионално искуство меѓу училиштата;
- соработува со органите на општината и на градот Скопје за нивни потреби при предлагање на наставни планови и програми и
- соработува со училиштата, со органите на општините и на градот Скопје за подобрување на квалитетот на наставата.

**Член 10-а**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 6 од овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- непосреден увид во начинот на планирањата на наставните единици од аспект на целите, содржините, планираните активности, методите и техниките за реализација,
- непосреден увид на реализација на наставните единици од аспект на целите и содржините на предавањата, примена на иновациите, наставните методи и техники и користењето на наставни помагала и начинот на обезбедување на стимулативна средина,
- непосреден увид на начинот на планирање на оценувањето од страна на наставниците и проверка на спроведеното на оценувањето и
- непосреден увид на препораките дадени од посетите на реализацијата на наставните единици од страна на стручните соработници.

За спроведениот стручен увид се изготвува извештај кој содржи наод од извршениот непосреден увид за работите од ставот 1 на овој член, односно наод за работата на стручните соработници од ставот 1 алинеја 4 на овој член.

Извештајот од стручниот увид се приложува кон професионалното досие на наставниците и стручните соработници и се зема предвид при вреднувањето на наставниците и стручните соработници во интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат.

Бирото донесува годишен план за спроведување на стручниот увид.

Начинот на примената на методите и техниките при спроведувањето на стручниот увид ги утврдува директорот на Бирото.

**Член 11**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 7 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- организира стручни семинари, советувања и слично, на теми кои се однесуваат на образовни стандарди на постигањата на учениците;
- соработува со стручните тимови за дефинирање на образовни стандарди за постигањата на учениците;
- изготвува образовни стандарди за постигањата на учениците по наставни предмети и подрачја во образованието и воспитанието;
- дава стручна помош на училиштата за примена на образовните стандарди за оценување на постигањата на учениците;
- развива современи дидактички начини и постапки за следење,проверување и оценување на постигањата на учениците;
- врши вонредни екстерни оценувања на постигањата на учениците;
- организира обука на наставниците за начините и техниките за следење, проверување и оценување на учениците;
- врши истражувања за оценувањето на учениците во образованието.

**Член 12**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 8 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- изготвува концепција за учебници за основното и средното образование и методологија за вреднување на ракописи и квалитет на учебници;
- предлага програма за издавање учебници за предучилишното, основното и средното воспитание и образование;
- предлага програми за издавање на учебници за експериментална наставна програма;
- перманентно го следи квалитетот на учебниците, детските списанија и дополнителната литература од областа на воспитанието и образованието и
- дава стручно мислење за стручна литература, списанија и публикации кои имаат придонес во развојот на воспитанието и образованието.

**Член 13**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 9 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- издавање на наставните планови и програми за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образование на децата со посебни образовни потреби и за основното образование на возрасните и нивно објавување на официјалната Интернет страница на Министерството;
- издавање на прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници и нивно објавување на официјалната Интернет страница на Министерството;
- предлагање на обрасци за педагошка евиденција и документација;
- издавање на педагошка документација и евиденција за основното образование, како и главна книга и дневник на паралелката за средно образование;

- ги спроведува јавните набавки за печатење на педагошката документација и евиденција од алинеја 4 на овој член и истите ги доставува бесплатно до училиштата;
- го следи извршувањето на услугите на избраните понудувачи на услуги, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови;
- издавање списание за теоретски и практични прашања во областа на воспитанието и образованието;
- издавање промотивен материјал за актуелностите во воспитанието и образованието и нивно објавување на официјалната Интернет страница на Министерството;
- издавање на каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-образовните кадри и негово објавување на официјалната Интернет страница на Министерството;
- издавање на каталози на знаења и нивно објавување на официјалната Интернет страница на Министерството.

**Член 14**

Во извршувањето на надлежностите од членот 6 точка 12 на овој закон Бирото ги врши следниве работи:
- воспоставување информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието за ученици со посебни образовни потреби и образованието на возрасните согласно со надлежностите на Бирото утврдени со овој закон;
- прибирање, средување и обработување на информации и податоци од областа на предучилишното, основното, средното, специјалистичкото воспитание, образованието за ученици со посебни образовни потреби и за основното образование на возрасните;
- прибирање, средување и чување на педагошка документација од значење за образованието во Република Македонија (наставни планови, програми, учебници, монографии и друго); и
- набавување стручна литература и списанија од земјата и од странство за своите потреби.

**ТАЈНОСТ НА ИСПИТНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ**

**Член 14-а**

Вработените во Бирото и надворешните соработници кои соработуваат со Државниот испитен центар во изготвувањето на тестовите за екстерно проверување на постигањата на учениците се должни да потпишат изјава дека ќе се раководат според постапките за тајност на подготовката, дистрибуцијата и чувањето на материјалот за екстерно проверување на постигањата на учениците.

Процедурите за тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал ги изготвува Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот.

**III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА БИРОТО**

**Член 15**

Организационата поставеност на Бирото се уредува со актот за организација на Министерството за образование и наука.

Називот на работните места, задачите и делокругот на работата и бројот на извршителите во Бирото се уредуваат со актот за систематизација на работните места.

**Член 16**

За извршување на работите од надлежност на Бирото надвор од седиштето, а особено за вршење на советодавна стручна работа и инструктивно-менторска работа на воспитно - образовниот и раководниот кадар од членот 10 на овој закон се образуваат организациони облици кои се утврдуваат со актот за организација на Министерството за образование и наука.

**Член 17**

Работите од членот 6 на овој закон од надлежност на Бирото ги извршуваат административните службеници кои покрај општите услови за вработување утврдени со закон ги исполнуваат и следниве посебни услови:
- имаат најмалку петгодишно искуство во воспитно-образовната работа;
- имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се од значење за унапредување на воспитанието и образованието;
- вршат истражувања и владеат со методологијата на научно-истражувачката работа во областа на воспитанието и образованието;
- учествувале на научни и стручни собири за образованието со свои трудови и
- се служат со еден светски јазик.

**Член 18**

За вршење на работата од својата надлежност Бирото непосредно соработува со Државниот просветен инспекторат, високообразовните и научните установи, органите на општината, односно градот Скопје, училиштата, меѓународните институции за образование, како и со други установи и здруженија.

Бирото соработува со Државниот просветен инспекторат за промоција на квалитетот во образованието особено за следниве области: организација и реализација на наставата, услови и култура во воспитно-образовните установи, менаџмент, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината.

По прашањата за стручното усовршување на државните службеници, Бирото особено соработува со високообразовните и научните установи.

**Член 18-а**

Начинот на обработка на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, критериумите според кои се утврдува нивото на пристап на лицата кои се овластени да ги обработуваат личните податоци, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на чување на личните податоци и други мерки, на предлог на Бирото ги утврдува министерот за образование и наука.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА БИРОТО

### Член 19

Средствата за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Бирото може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со овој закон.

Бирото може да учествува во финансирање на истражувања од областа на образованието кои ги спроведуваат други институции.

## V. РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА БИРОТО

### Член 20

Со Бирото раководи директор.

Директорот може даима заменик.

Директорот и заменикот на директорот на Бирото на предлог од министерот за образование и наука ги именува и разрешува Владата на Република Македонија со мандат од четири години.

За именување на директор и заменик на директорот на Бирото се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

### Член 21

За директор и за заменик на директорот на Бирото може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има минимум пет години работно искуство во воспитно-образовната работа и ги исполнува условите од членот 17 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

Заменикот го заменува директорот во случај на отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

**Член 22**

Директорот на Бирото е одговорен за својата работа и за работата на Бирото пред Владата на Република Македонија и министерот за образование и наука.

Директорот на Бирото донесува годишна програма за работа на Бирото и го организира нејзиното спроведување.

Директорот за својата работа и за работата на Бирото поднесува годишен извештај до министерот за образование и наука, а по потреба и до Владата на Република Македонија.

**Член 23**

За вршење на стручните работи од надлежност на Бирото, директорот може да формира стручни тимови со учество на надворешни стручни и научни експерти или правни лица.

Составот и бројот на членовите на стручните тимови ги утврдува со решение, директорот на Бирото.

**V-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

**Член 23-а**

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Бирото кое ја води постапката, ако:
- не ја побара документацијата во рок од три дена од денот на приемот на пријавата (член 8-в став 3 од овој закон),
- не одлучи по барањето во рок од осум дена од денот на приемот на пријавата (член 8-д став 1 од овој закон).

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој е побарана документацијата ако не ја достави бараната документација во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 8-в став 4 од овој закон).

**Член 23-б**

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 24**

Постојните стручни државни службеници на Бирото кои не ги исполнуваат посебните услови од членот 17 на овој закон, се должни во рок од две години од денот на

влегувањето во сила на овој закон да ги исполнат посебните услови, во спротивно им престанува работниот однос.

Одредбите од ставот 1 на овој член не се однесуваат на стручните државни службеници ако на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат уште пет години до остварување на правото на старосна пензија.

**Член 25**

Постојните државни службеници на Бирото кои не ги вршат работите од членот 6 на овој закон продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати на денот на влегувањето во сила на овој закон согласно со Законот за државните службеници.

**Член 26**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2014):

**Член 5**

Директорот и заменикот на директорот на Бирото за развој на образованието именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2014):

**Член 7**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Одредбите од членовите 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од членот 4 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2016):

**Член 9**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 10**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2016):

**Член 11**
Одредбите од членот 3 со кои се додаваат членовите 8-в, 8-д и 7 од овој закон, ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

**Член 12**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.